# ABILITY OF THE PARTIES AS AN ESSENTIAL ASSUMPTION TO CONCLUDE A VALID CONTRACT

**Aleksandra Patoska**
”St. Kliment Ohridski” University Bitola, Faculty of law - Kichevo, Republic of North Macedonia,
aleksandra.patoska@uklo.edu.mk

**Abstract:** In order to take part in some civil-law relation which products any subjective performances and obligations, it is not enough to exist a law foundation but it is needed to be fulfilled all the facts determined by the material law norms as a condition for it to become to be changed or to be stopped.[31] Contemporary life may not exist without the contract as an instrument in the law circulation. The suppositions for it to become are its change or ending of a valid contract with an effective ability of the parties, their wills agreement to conclude the contract, to exist an object and a base of it. The obligations relationships Law issues that ”To conclude a valid contract is needed the contractors to possess legal ability to do it”. But, what happens if contractor is not possessing the needed legal ability? Do contracts may be valid under certain conditions? The answer to these questions depends of the years of oldness of the contractor who has not the needed egal ability as well as of the kind of the contract has been concluded. As a rule, persons over 14 years oldness, as well as the legal aged persons whose valid ability has been subtracted by a court Decision are completely legal concluded, i.e. they are absolutely incapable and the contracts concluded with such persons are null and void. But, there is a disconnection which exists in the Law of obligations. So that, the contracts called “everyday contracts” with a low validity, are taken as valid.
Relative incapable persons for concluding are the ones who have limited legal ability, they are the persons who have fulfilled their 14 ages till its legal age, the same as the legal aged ones whose legal ability has been limited. The Law of obligations generally issues those (relative incapable persons) to conclude contracts by the help of their legal representatives i.e. guardian, but there is an exception to this rule, so the law allows these persons to enter into certain contracts independently.
In the continuation of this written text are the different legal situations which may occur in a situation when a relative uncapable person has been concluded a contract without the agreement of his legal representative or guardian
**Keywords**: contract, will, legal ability, absolutely uncapable for coming to an agreement, relatively uncapable for coming to an agreement

# СПОСОБНОСТА НА СТРАНИТЕ КАКО БИТНА ПРЕТПОСТАВКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ПОЛНОВАЖЕН ДОГОВОР

**Александра Патоска**
Универзитет „Св.Климент Охридски“, Правен факултет – Кичево, Република Северна Македонија,
aleksandra.patoska@uklo.edu.mk

**Резиме:** За да настани одредени граѓанско-правен однос од кој произлегуваат субјективни права и обврски, не е доволно да постои само правен основ, ами потребно е да се исполнат сите факти кои со материјално правна норма се определени како претпоставки за негово настанување, промена или престанок.[1-а] Современиот живот не може да се замисли без договорот како инструмент во правниот промет. Претпоставки за настанување, промена или престанок на полноважен договор се деловната способност на договорниcте страни, нивната согласност на волји за склучување на договорот, да постои предмет и основ на договорот. Законот за облигационите односи пропишува дека „За склучување на полноважен договор е потребно договарачот да ја има деловната способност која се бара за склучување на тој договор.“ Но, што со договорите кои ги склучил договарач кој ја нема потребната деловна способност? Дали таквите договори

[31] Pavlovich.M (2018), The Signifisance of the Matherial Conditions in a Court Disputes, *Code of Works from Split’s Law Faculty, Vol55 No.2*, page.447 Retrived from https://www.pravst.unist.hr/izdavastvo/zbornik-radova/#1545945730671-aa7cc85f-820e

[1-а] Pavlovic.M (2018), Znacaj materijalnopravnih sastavnica u sudskom sporu, *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu*, *Vol55 No.2*, str.447 преземено од https://www.pravst.unist.hr/izdavastvo/zbornik-radova/#1545945730671-aa7cc85f-820e

можат, под одредени услови да бидат полноважни? Одговорот на овие прашања зависи од годините на старост на договарачот кој ја нема потребната деловна способност, но и од тоа каков договор тој договарач склучил. По правило, лицата до наполнети 14 години старост, како и полнолетни лица на кои со правосилна судска одлука во целост им е одземена деловната способност, се потполно деловно неспособни, односно тие се апсолутно неспособни за склучување договор и договорите склучени со такво лице како договарач се ништовни. Но, од ова правно правило има исклучок предвиден во Законот за облигационите односи, па т.н. секојдневни договори кои се со помала вредност се сметаат за полноважни иако како договарач се јавува лице кое е деловно неспособно, односно апсолутно неспособно да се јави како договорна страна.
Релативно неспособни за склучување договор се лицата кои имаат ограничена деловна способност, а тоа се малолетници со наполнети 14 години живот до полнолетството, како и полнолетни лица на кои со правосилна судска одлука им е ограничена деловната способност. За овие лица Законот за облигационите односи генеално пропишува дека можат да склучуваат договори во согласност (или со одобрение) на нивниот законски застапник, односно старател, но и од ова правно правило има исклучок, па Законот допушта одредени договори лицата кои се релативно неспособни за склучување договори, да можат и самостојно да ги склучуваат.
Во продолжение на трудот, содржани се различните правни ситуации кои можат да настанат во ситуација кога лице кое е релативно неспособно за склучување договор, ќе скучи договор без согласност на неговиот законски застапник, односно старател.

**Клучни зборови**: договор, деловна способност, апсолутна неспособност за договарање, релативна неспособност за договарање

## 1. ВОВЕД

Договорот е најважниот инструмент во правниот промет кој со оглед на неговата еластичност има разновидна примена. Со договор можат да се создаде, измени или да престане некој правен однос меѓу држави, физички и правни лица, да се уредат семејни, наследни, облигациони, стварноправни, управни, работни и други односи.
Во правната наука договорот се дефинира како согласност на волјите на договорните страни. Проф.Стеван Јакшиќ договорот го дефинира како изјава на волја на деловно способни лица насочена кон создавање на правен однос, или веќе постојниот правен однос да се промени или да престани[32], што значи дека во дефинирањето на договорот д-р Јакшиќ ја вклучува способноста на страните како биен услов за негова полноважност.

## 2. ПРЕТПОСТАВКИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Договорите и договорно право во Република Северна Македонија уредени се со Законот за облигационите односи[33] чија главна карактеристика, посебно во делот на договорите е диспозитивниот карактер на нормите содржани во него. Едно од основните начела содржано во Законот за облигационите односи е начелото на слобода во договарањето, оставајќи од една страна целосна слобода на договорните страни во одлуката дали ќе стапат во договорен однос, со кој субјект како друга договорна страна ќе го сторат тоа, каков вид договор ќе склучат, со која содржина и т.н., но истовремено, од друга страна „Границата на слободата на договарање се императивните норми што не можат да се заменат со волјата на страните или тоа се присилните jus cogens норми. Вакви императивни норми можат да се однесуваа на способноста на договорните страни, предметот и содржината на договорите, каузата или целата на договорот, формата на договорите.“[34]

---

[32] Јакшиќ, С., (1960), Облигационо право, општ дел, трето дополнето и преработено издание, ИП „Веселин Маслеша“ Сараево, стр.99
[33] Закон за облигационите односи, „Службен весник на РМ“, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13, 123/13
[34] Дабовиќ-Анастасовска.Ј, (2021), Некои отворени прашања за ограничувањето на слободата на договарањето во современото Европско договорно право, *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје – во чест на Проф.д-р Гале Галев*, стр.439, преземено од https://ukimmk-my.sharepoint.com/personal/ikt_pf_ukim_edu_mk/_layouts/15/onedrive.aspx?id=%2Fpersonal%2Fikt%5Fpf%5Fukim%5Fedu%5Fmk%2FDocuments%2Fweb%20link%20objavi%20%2D%20attachements%2F%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%2F%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D0%BA%2D%D0%93%D0%B0%D0%BB%D0%B5%2D%D0%93%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%B2%2D%20%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0%BD%2D%D1%81%D0%BE%2D%D0%B

Во чл.18 од Законот за облигационите односи пропишано е дека „Договорот е склучен кога договорните страни се спогодиле за суштествените состојки на договорот.“ Значи, договорот се заснива на усогласените изјави на волји на договорните страни, и тој е склучен кога договорните страни се спогодиле за битните елементи (суштествените состојки) на договорот и на тој начин секоја страна поединечно и во свое име ги утврдила своите побарувања и обврските кон другата договорна страна. Со оглед на тоа што договорот е двострано правно дело, за негова полноважност потребно е пред сè да се исполнети сите услови кои законот ги предвидува за полноважност на правните работи воопшто, а потоа и посебните услови кои се однесуваат на договорите како посебна правна работа. Во правната теорија постои согласност дека за да се создаде полноважен договор, потребно е да се исполнети определени претпоставки : договорните страни да се деловно способни, да постои согласност на нивните волји за склучување на договорот, да постои предмет на договорот и да постои основ на договорот.[35]

### 3. СПОСОБНОСТ ЗА ДОГОВАРАЊЕ

Полноважни договори можат да склучуваат полнолетни физички лица кои не се под старателство и правни лица, односно субјекти кои поседуваат деловна способност, на што упатува чл.47-а од Законот за облигационите односи „За склучување на полноважен договор е потребно договарачот да ја има деловната способност која се бара за склучување на тој договор.“ Всушност, позитивното законодавство за прв пат институтот деловна способност го уредува и дефинира со новелите на Законот за облигационите односи од 2008 година додавајќи го чл.45-б во текстот на Законот, а користејќи ги притоа искуствата од македонската правна наука и практика.

Деловната способност означува способнст да се формира и изрази правно релевантна волја, односно поседување свест за правните работи што се преземаат, за последиците од нивното преземање и намера истите да се преземат. Според Законот за облигационите односи, основна претпоставка за едно лице да биде деловно способно се годините на старост, но ова не треба да се сфати во апсолутна смисла, затоа што има случаи кога истата се стекнува и пред навршување на години на полнолетство (по пат на еманципација со наполнети 16 години), како и случаи кога лицето и покрај полнолетството, воопшто не поседува или поседува ограничена деловна способност.

Правното лице, според чл.45-б ст.5 од Законот за облигационите односи, „со деловна способност се стекнува во моментот на стекнувањето на правната способност, освен ако со закон поинаку не е определено.“ За правните лица, покрај одредбата од чл.47-а од Законот за облигационите односи дека „За склучување на полноважен договор е потребно договарачот да ја има деловната способност која се бара за склучување на тој договор“, значајна е и одредбата од чл.46 од Законот со која на правните лица склучувањето на договорите им е ограничено во рамките на нивната правна способност, односно можат да склучуваат договори кои произлегуваат од предметот на нивното работење. Меѓутоа ова не е апсолутно, па иако, сè до измените на Законот за облигационите односи од 2008 година за правните дела склучени надвор од деловното работење на правното лице со трети лица се предвидувало ништовност, со новелата ваквите правни дела се полноважни, освен ако третото лице знаело или можело да знае за пречекорувањето или ако со некоја одредба од закон не е поинаку предвидено. Со ова напуштена е теоријата ultra vires, според која сите дела склучени надвор од дејноста на правното лице се ништовни. Ова пред сè поради потребите од практиката, имајќи го во предвид принципот на слобода на договарање, а следејќи ги решенијата на современите европски законодавства каде оваа теорија нема приврзаници.[36]

---

F%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BD%D0%B8%2D%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%2D2%2D%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BD%2Epdf&parent=%2Fpersonal%2Fikt%5Fpf%5Fukim%5Fedu%5Fmk%2FDocuments%2Fweb%20link%20objavi%20%2D%20attachements%2F%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8&ga=1

[35] види Галев, Г.и Дабовиќ-Анастасовска, Ј., (2021) Облигационо право (додипломски студи), УКИМ Скопје, стр.327, преземено од https://www.ukim.edu.mk/e-izdanija/PRF/Obligaciono_pravo.pdf; Милошевиќ, Љ., (1966), Облигационо право, Наша Књига Београд, стр.43; Јакшиќ, С., (1960) Облигационо право, општ дел, трето дополнето и преработено издание, ИП „Веселин Маслеша“ Сараево, стр.106 кој покрај наведените, како основна претпоставка за склучување на договорот ја додава и формата на договорот.

[36] Галев.Г., Здравева. Н., (2008) „Усогласување на граѓанското право со правото на Европската Унија со посебен осврт врз облигационото право“, *Методи за хармонизација на националното законодавство со правото на Европската Унија*, стр. 232

**4. ДОГОВОР СКЛУЧЕН ОД НЕСПОСОБЕН ДОГОВАРАЧ**

За договорот да биде полноважен, истиот мора да биде склучен од лице кое е деловно способно за склучување на таков договор. Овде се поставува прашањето – што со субјектите (пред сè се мисли на физички лица) кои ја немаат таа способност? Анализата на одредбите од Законот за облигационите односи нè води до заклучокот дека неспособноста за склучување на полноважен договор се јавува во две варијанти – апсолутна и релативна неспособност, со различни последици по однос судбината на договорот склучен од овие лица како договарач.

Законот, за одредени лица смета дека не поседуваат способност да изразат правно релевантна волја за склучување на договор, заради што може да се рече дека тие од правен аспект се апсолутно неспособни лица. Ваквата неспособност влече со себе и правна ништовност на самите договори кои ги склучиле овие лица.[37] Ваквото решение пред сè е во насока на заштита на интересите на лицата кои се апсолутно неспособни за склучување на договор затоа што недостасува свест за преземените работи и истите би можеле да преземат правна работа на своја штета.[38]

Апсолутно неспособни за склучување договор се лицата под 14 години и лицата на кои со правосилна судска одлука целосно им е одземена деловната способност (деловно неспособни лица). Оваа неспособност не се однесува толку на самото постоење на договорот, колку на неговата валидност. Ова оттаму што лицето во пракса може да склучи договор (привиден) и истиот да биде извршен без да се прогласи за ништовен, но во случај на спор (затоа што ништовноста не застарува), судот ќе го прогласи договорот за ништовен, но само откако ќе утврди дека едната страна немала капацитет за склучување на договор.

Сепак, Законот дозволува и овие лица да можат да склучуваат полноважни договори, т.н. „секојдневни договори“ или „договори од помала вредност“ со што правно се легализира фактичката состојба која постои во секојдневниот живот. Што е тоа „помала вредност“ ќе се формулира низ судската практика, затоа што е неможно однапред со закон да се определи извесна фиксна сума до која договорите на деловно неспособните лица ќе се сметаат за полноважни.[39] Деловно непособните лица можат да склучуваат и полноважни доброчини договори, но само како страна на доверител. Овде се претпоставува дека родителот (старателот) би го одобрил ваквиот договор, па Законот дава можност (не и задолжение) на законскиот застапник на деловно неспособното лице во рок од 30 дена да го одобри дарот[40] (или спротиво на тоа да го одбие)

Проф.Стеван Јакшиќ подетално го анализира ова прашање: „Во поглед на примањето на поклон (дар) и други доброчини (без надомест) работи постојат уште пошироки отстапувања од правилото дека лицата без деловна способност не можат сами да склучуваат договори. Душевно болните лица и децата до навршена седма година не можат воопшто да прават понуда за склучување договор, нити да прифатат понуда, па дури ни кога станува збор за доброчин договор во нивна корист, затоа што се смета дека овие лица воопшто не се способни разумно да одлучуваат и да изјават волја. Нивните изјави правно се ирелевантни и на нив не може да се склучи договор. Другите лица кои се застапувани од родителите или од старател можат и сами да прифатат понуда која е само во нивна корист, па според тоа можат да склучат договор врз основа на кој се стекнуваат со некои побарувања, а не и да преземаат некаква обврска (пр.договор за дар).[41]

Релативната неспособност претставува одредена фаза во еволуцијата за стекнување на потполна деловна способност, но истовремено и соодветна коректура во случаи кога понатамошното поседување на потполна деловна способност не е во склад со општествените интереси и интересите на одредени лица.[42] Релативно неспособни за склучување договор се лицата со делумна (ограничена) деловна способност, односно лицата со наполнети 14 години (до полнолетството) и лицата кои со правосилна судска одлука делумно се лишени од деловната способност. Правните работи во име и за сметка на овие лица ги презема законскиот застапник, односно старател, но, правото на лицата со ограничена деловна способност им признава определен правен

---

[37] Закон за облигационите односи, чл.47-а ст.2 Договорот на деловно неспособно лице е ништовен

[38] Во поглед на потребата од целосно или делумно лишување од деловна способност види Majstorović.I., & Šimović, И., (2018), Opseg lišenja poslovne sposobnosti kao pretpostavka zaštite prava i dostojanstva osoba s invaliditetotom, *Letopis socijalnog rada*, 25 (1), стр.68 преземено од https://hrcak.srce.hr/file/300267

[39] Види Чавдар, К., Чавдар, К, (2012), Коментар на законот за облигационите односи, Академик – Скопје, стр. 115-116

[40] Види чл.558 Законот за Облигационите односи

[41] Јакшиќ, С., (1960), Облигационо право, општ дел, трето дополнето и преработено издание, ИП „Веселин Маслеша“ Сараево, стр.107

[42] Mitić, M., (1978) „Fizičko lice,“ *Zbornik Pravnog fakulteta u Nišu 18*, стр. 88

субјективитет. Така, лицата со ограничена деловна способност можат самостојно да склучуваат полноважни договори чие склучување им е дозволено со закон (за малолетни лица), односно договори чие склучување не им е забрането со судската одлука (за полнолетни лица на кои со судска одлука им е ограничена деловната способност). Овде се мисли пред сè на правото на овие лица да склучат договор за работа, договор за дело како и на правото за самостојно располагање со заработката која ја стекнале со сопствен труд. Сите други договори во име и за сметка на лицата со ограничена деловна способност ги склучува нивниот законски застапник, односно старател, но, ЗОО допушта лицата со ограничена деловна способност самостојно да склучат договор, но за тој договор да биде полноважен потребна е согласност (одобрение) од нивниот законски застапник односно старател,[43]кое може да биде дадено претходно (или истовремено – во моментот на склучувањето на договорот) или дополнително. Во спротивно, договорот склучен од страна на лице со ограничена деловна способност како договорна страна е рушлив, па содоговарачот може да го напаѓа барајќи негово поништување пред надлежен суд. Со оглед на тоа што постапката за тоа поништување е релативно долга, ЗОО дава можност да се избегне судско поништување на тој договор и да се оди на негово еднострано раскинување под два услови,[44] и тоа 1.договорната страна која на овој начин го раскинува договорот да не знаела дека нејзиниот содоговарач е ограничено деловно способно лице и законскиот застапник на тоа лице да не дал одобрение за склучување на тој договор и 2.договорната страна која на овој начин го раскинува договорот да знаела дека нејзиниот содоговарач е ограничено деловно способен, а ограничено деловно способниот содоговарач да ја измамил совесната страна дека има одобрение од својот законски застапник.[45, 46] Притоа, правото за еднострано раскинување на договорот се гаси во рок од 30 дена од денот кога совесната страна дознала дека другата договорна страна е со огрничена деловна способност, односно од денот кога дознала дека отсуствува одобрение од законскиот застапник.[47]

Барање за поништување на договор склучен од страна на лице со ограничена деловна способност без одобрение на неговиот законски застапник (старател) може да бара и законскиот застапник (старател) на лицето со ограничена деловна способност, но и лицето со ограничена деловна способност по стекнувањето на деловна способност, но само по пат на тужба, а преклузивниот рок за нејзино поднесување е три месеци од денот кога се стекнал со целосна деловна спосбност[48]

Склучувањето на договор од страна на лице со ограничена деловна способност без одобрение на неговиот законски застапник (старател) може да доведе до сложени и неизвесни ситуации кои не ѝ одговараат на совесната страна, па во нејзин интерес е тие ситуации да се расчистат брзо и ефикасно. Затоа, ЗОО предвидува неколку начини за конвалидирање на ваквиот договор

1. Законскиот застапник (старател) дополнително да го одобри склучениот договор и со тоа договорот да стане полноважен[49]
2. Совесниот содоговарач кој дополнително дознал за причината за рушливост на договорот, не побарал негово поништување (еднострано не го раскинал) во рок од една година од денот кога дознал за причината за рушливост, а во секој случај во рок од три години од денот на склучувањето на договорот[50]
3. Совесниот содоговарач да го повика законскиот застапник (старател) на лицето со ограничена деловна способност да се изјасни дали го одобрува тој договор, во кој случај можни се три ситуации: 1.законскиот застапник (старател) да даде одобрение и тогаш договорот станува полноважен; 2.законскиот застапник (старател) да одбие да даде одобрение и во тој случај може да се бара поништување на договорот; и, 3.законскиот застапник (старател) да молчи, во кој случај ако тој не се изјасни во рок од 30 дена по повикот од совесниот содоговарач, се смета дека одбива да даде одобрение, па совесниот содоговарач може да бара поништување на договорот.[51]

[43] види чл.48 од Законот за облигационите односи
[44] Поп Георгиев, Д., (1985), Облигационо право, Култура, Скопје, стр.132
[45] види чл.49 ст.1 и 2 од Законот за облигационите односи
[46] За раскинување на договор види Ćesić, Z.,& Bobinac, D., (2017) Raskid ugovora, *Financije i parvo, Vol.5, No.2*, str.71-80, достапно на https://hrcak.srce.hr/file/28503
[47] види чл.49 ст.3 од Законот за облигационите односи
[48] види чл.51 од Законот за облигационите односи
[49] види чл.48 ст.3 од Законот за облигационите односи
[50] види чл.109 од ЗОО
[51] чл.50 од Законот за облигационите односи; види Поп Георгиев, Д., (1985), Облигационо право, Култура, Скопје, стр.132-133

Од сето ова може да се извлече заклучок дека релативната неспособност е востановена затоа што лицата иако немаат наполнето години на полнолетство, сепак имаат одредена свест преку која можат да ја разберат суштината на правната работа што ја склучуваат. Сепак, за секој договор кој битно може да влијае на самата имотна состојба на ваквите неполнолетни лица, одобрување се бара од законскиот застапник, затоа што тој е и понатаму правно одговорен за лицето со ограничена деловна способност, а во исто време се јавува и како солидарен должник при намирување на штетите што настанале (ова оттаму што најголем дел од лицата со ограничена деловна способност немаат свој сопствен имот или примања, па не можат самостојно да ги намират штетите кои тие ги предизвикале иако се деликтно способни да одговараат).

## 5. ЗАКЛУЧОК

Битен услов за склучување полноважен договор е договарачите да ја имаат деловната способност која законот ја бара за склучување на тој договор. Деловно неспособните лица се апсолутно неспособни за склучување договор, па договорот склучен со такво лице е ништовен, освен кај т.н.секојдневни договори кои вообичаено се од помала вредност, како и договорот за дар, но под услов лицето кое е деловно неспособно да е на страната на доверителот. Лицата со ограничена деловна способност се релативно неспособни за склучување договор, па одредени договори, како на пример договорот за работа и договорите што се поврзани со трошење на заработката, можат полноважно самостојно да ги склучуваат, а за сите останати договори склучени со лице со ограничена деловна способност како договарач потребна е согласност од страна на законскиот застапник која може да биде дадена пред или по склучувањето на договорот. Во спротивно таквиот договор е рушлив, па од совесната страна зависи дали ќе побара негово поништување или не. Законот за облигационите односи регулира и неколку начини за конвалидација на договорот склучен од страна на лице со ограничена деловна способност без одобрените од неговиот законски застапник (старател)

## ЛИТЕРАТУРА

Галев, Г., & Дабовиќ-Анастасовска, Ј. (2021). Облигационо право (додипломски студи), УКИМ Скопје, преземено од https://www.ukim.edu.mk/e-izdanija/PRF/Obligaciono_pravo.pdf

Галев, Г., & Здравева, Н. (2008). „Усогласување на граѓанското право со правото на Европската Унија со посебен осврт врз облигационото право“, *Методи за хармонизација на националното законодавство со правото на Европската Унија*

Дабовиќ-Анастасовска.Ј, (2021). Некои отворени прашања за ограничувањето на слободата на договарањето во современото Европско договорно право*, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје – во чест на Проф.д-р Гале Галев*, преземено од https://ukimmk-my.sharepoint.com/personal/ikt_pf_ukim_edu_mk/_layouts/15/onedrive.aspx?id=%2Fpersonal%2Fikt%5Fpf%5Fukim%5Fedu%5Fmk%2FDocuments%2Fweb%20link%20objavi%20%2D%20attachements%2F%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%2F%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D0%BA%2D%D0%93%D0%B0%D0%BB%D0%B5%2D%D0%93%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%B2%2D%20%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0%BD%2D%D1%81%D0%BE%2D%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BD%D0%B8%2D%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%2D2%2D%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BD%2Epdf&parent=%2Fpersonal%2Fikt%5Fpf%5Fukim%5Fedu%5Fmk%2FDocuments%2Fweb%20link%20objavi%20%2D%20attachements%2F%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8&ga=1

Закон за облигационите односи, „Службен весник на РМ“, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13, 123/13

Јакшиќ, С. (1960). Облигационо право, општ дел, трето дополнето и преработено издание, ИП „Веселин Маслеша“ Сараево

Милошевиќ, Љ. (1966). Облигационо право, Наша Књига Београд

Поп Георгиев, Д. (1985). Облигационо право, Култура, Скопје

Чавдар, К., & Чавдар, К. (2012). Коментар на законот за облигационите односи, Академик – Скопје

Majstorović, I., & Šimović, I. (2018), Opseg lišenja poslovne sposobnosti kao pretpostavka zaštite prava i dostojanstva osoba s invaliditetotom, *Letopis socijalnog rada*, 25 (1), преземено од https://hrcak.srce.hr/file/300267

Mitić, M. (1978). „Fizičko lice*,“ Zbornik Pravnog fakulteta u Nišu 18*

Pavlovic, M. (2018). Znacaj materijalnopravnih sastavnica u sudskom sporu, *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, Vol55 No.2*, преземено од https://www.pravst.unist.hr/izdavastvo/zbornik-radova/#1545945730671-aa7cc85f-820e

Ćesić, Z., & Bobinac, D. (2017). Raskid ugovora, *Financije i parvo, Vol.5, No.2*, str.71-80, достапно на https://hrcak.srce.hr/file/28503